# С О Д Р Ж И Н А

А-6- 2 **ПОСТАПКАТА НА ЦАРИНЕЊЕ НА СТОКАТА**.................................. 1

А-6-2-1 ВОВЕД ..........................................................................................1

А-6-2-2 ИЗБОР НА ЦАРИНСКА ПОСТАПКА ...............................................2

А-6-2-3 ЦАРИНСКА ДЕКЛАРАЦИЈА ..........................................................2

А-6-2-3-1 Поднесување на царинска декларација........................................... 2
А-6-2-3-2 Дејства по поднесување на царинската декларација..................... 2
А-6-2-3-3 Одбивање на декларацијата ............................................................. 4
А-6-2-3-4 Инсистирање на декларантот за прием на одбиена декларација .. 4
А-6-2-3-5 Прифаќање на царинската декларација ........................................... 4
А-6-2-3-6 Измена на податоци во царинската декларација .............................. 5
А-6-2-3-7 Поништување на царинската декларација........................................ 6
А-6-2-3-8 Проверка на царинската декларација ................................................ 7
А-6-2-3-9 Проверка на декларацијата и документите, коишто ја придружуваат царинската декларација ............................................................... 7
А-6-2-3-10 Проверка на поедноставените декларации...................................... 8
А-6-2-3-11 Проверка на дополнителни декларации .......................................... 8

А-6-2-4 ПРЕГЛЕД НА СТОКА ..........................................................................9

А-6-2-4-1 Утврдување на количината и карактеристиките на стоката..... 10
А-6-2-4-2 Земање на мостри ........................................................................ 13
А-6-2-4-3 Утврдување на вредноста................................................................ 15
А-6-2-4-4 Утврдување на други елементи (потекло, квоти, поволности, забрани и ограничувања)........................................................................ 16
А-6-2-4-5 Утврдување на исполнувањето на условите за избраната постапка или царинско ослободување ................................................... 16

А-6-2-5 ПУШТАЊЕ НА СТОКА.......................................................................19

А-6-2-5-1 Постапување во случаи кога не е дозволено стоката да се пушти 21
А-6-2-5-2 Потврдување на декларацијата ........................................................ 23

А-6-2-6 ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИОТ ДОЛГ ..............................23

А-6-2-6-1 Евидентирање на износот на царинскиот долг.............................. 23
А-6-2-6-2 Обезбедување и евидентирање на евентуалниот царински долг . 24
А-6-2-6-3 Соопштување на износот на царинскиот долг ............................... 24
А-6-2-6-4 Плаќање на износот на царинскиот долг......................................... 24

А-6-2-7 ПОСТАПКА ВО СЛУЧАЈ НА ИСПАД НА АСИКУДА..................... 25
ЗАПИСНИК ЗА ЗЕМАЊЕ НА МОСТРИ ............................................................ 26
ЗАПИСНИК ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОГРЕШНО ДЕКЛАРИРАНА КОЛИЧИНА НА СТОКАТА .......................................................................... 27

ЗАПИСНИК ЗА УТВРДЕНИ ОСНОВИ ЗА ПРИМЕНА НА МЕРКИ НА ТРГОВСКА ПОЛИТИКА.......................................................................30

# А-6- 2 ПОСТАПКАТА НА ЦАРИНЕЊЕ НА СТОКАТА

## А-6-2-1 ВОВЕД

1. Упатството им е наменето на царинските работници во царинските испостави и се користи при **царинењето** за сите царински постапки од член 4 точка 15 од Царинскиот закон (во продолжение ЦЗ) и за повторен извоз во смисла на член 191 од ЦЗ и се однесува за сите форми на царински декларации и поедноставени и дополнителни декларации, освен ако со другите прописи, упатства и појаснувања, коишто го определуваат спроведувањето на постапките, не е определено поинаку.

**Царинење на стока преставува секое службено дејствие при ставање на стоката во царинска постапка или при извршување на формалности за повторен извоз на стока, во редовна постапка или во поедноставна постапка.**

**Царински постапки се:**

**- пуштање на стока во слободен промет,**
**- транзит,**
**- царинско складирање,**
**- увоз за облагородување,**
**преработка под царинска контрола,**
**- привремен увоз,**
**- извоз за облагородување и**
**- извоз.**

2. **Контролорот** во испоставата е одговорен царинските постапки да се спроведуваат правилно. Негова должност е да се грижи за важните задачи и одлуки при царинењето, на пр. за рамномерно и соодветно на анализата на ризикот, определување на проверките на царинските декларации; за одлучување за одбивањето на царинската декларација; за промената на податоците во царинската декларација или за поништување на царинската декларациоја во случај стоката уште да не е пуштени; за приемот на непотполна царинска декларација; за определување на времето и местото на царинење, како и за определување на царински преглед по работното време. Контролорот се грижи посебно за тоа царинските работници во секоја фаза на постапката да ги спроведуваат сите пропишани постапки и сите потребни дејства во согласност со царинските прописи и вообичаената пракса.

3. **Шефот** на испоставата може определени задачи од точка 2 да ги пренесе и на други царински работници, кога тоа го налага обемот на работата и околностите.Во поголемите царински испостави може да се определат повеќе контролори.

## А-6-2-2 ИЗБОР НА ЦАРИНСКА ПОСТАПКА

4. Царинските службеници не смеат да влијаат на учесникот при изборот на царинската постапка и не смеат да учествуваат во составувањето на царинската декларација. Тоа не исклучува давање на правна помош во рамките на сопствената област на работа (служба за посредување на информации, архива и др.).

## А-6-2-3 ЦАРИНСКА ДЕКЛАРАЦИЈА

*Член 4 точка 25*
*од ЦЗ*

### А-6-2-3-1 Поднесување на царинска декларација

**Поднесување на царинска декларација е ставање на увид на царинската декларација на надлежниот царински орган од страна на декларантот во пропишана форма и начин на спроведување на одредена царинска постапка.**

5. Времето на **поднесување** на царинските декларации и други документи, коишто се однесуваат на царинењето, го објавува испоставата на огласна табла и тоа мора да биде во рамките на редовното работно време на испоставата. Надвор од објавеното време на поднесување на царинска декларација, царински деклрации и други документи може да се поднесуваат само ако се однесуваат на веќе поднесени декларации.

### А-6-2-3-2 Дејства по поднесување на царинската декларација

6. Ако тоа не е веќе обезбедено со употреба на системи за автоматска обработка на податоците, контролорот пред прифаќањето на царинската декларација, кај секоја царинска декларација утврдува:

- дали е поднесена кај царинската испостава, којашто е надлежна за прием на царинската декларација;
- дали е поднесена во времето за прием и на службените места на царинските органи;
- дали се исполнети условите, коишто ги наложуваат прописите за забраните и ограничувањата за прифаќање на царинската декларација и покренување на постапка. Станува збор за забрани и ограничувања, споменати во член 68 став 2 од ЦЗ, воведени според посебни прописи во интерес на јавниот морал, безбедноста, заштитата на здравјето и животот на луѓето, животните и растенијата, заштитата на животната средина, заштитата на природните богатства, за заштита на културното наследство со уметнички, историски, археолошки, етнолошки или технички вредност, или заради заштита на правата на интелектуалната сопственост, како и увозно/извозните мерки на трговската политика;

- дали царинската декларација е поднесена од овластено лице (чл. 74 од ЦЗ - дакларација може да поднесе секое лице кое е во состојба да ја стави на увид предметната стока или да наложи истата да се стави на увид на надлежниот црински орган заедно со целокупната документација која е потребна). Тоа може да се утврди од приложените документи, превозните документи, транспортните документи, фактурата, увозните дозволи, одобренијата за постапките со економски ефект и др. Кога царинската декларација се поднесува во свое име но за сметка на друго лице (за увозникот односно извозникот), документите, доколку прописите не определуваат поинаку, гласат на името на увозникот односно извозникот. Сопственоста на стоката во граѓанско-правна смисла не се утврдува, доволно е да се докаже правото на располагање со стоката;
- дали царинската декларација за бараната царинска постпака е поднесена во пропишаната форма и правилно пополнета, дали кон царинската декларација се приложени сите документи, коишто се потребни за одобрување на бараната постапка, и тие документи ги издале надлежните органи и ги содржати сите податоци, коишто се потребни за бараната царинска постапка;
- дали царинската декларација е потпишана (член 109 од УСЦЗ). Декларацијата ја потпишува декларантот, во случај на директно застапување декларацијата мора да ја потпише неговото овластено лице (на пр. шпедитерот). При застапување, во рубриката 14 од ЕЦД се запишува соодветната ознака согласно Правилникот за пополнување на ЕЦД, која служи како изјава за застапување. При застапувањето, во случај на сомневање може да се побара копија од овластувањето и да се приложи кон декларацијата. Ако овластувањето било побарано, а не било приложено, во декларацијата (во полето за контролна намена) се запишува забелешка. Ако лицето не може веродостојно и непосредно да докаже дека настапува како овластено лице во името или за сметка на друго лице (директно застапување), се смета дека настапува во свое име и за своја сметка (член 5 став 3 втор подстав од ЦЗ) и на тој начин станува царински должник. (истото лице ја пополнува рубрика 54 од Правилникот за пополнување на ЕЦД)

  При директно застапување секогаш се бара и се приложува овластување за застапување.
- дали стоката е ставена на увид (дека стоката е ставена на увид мора да биде јасно од приложените документи или од податоците во царинската декларација за тоа каде се наога стоката) во согласност со еден од пропишаните начини. Царинската декларација пред ставање на стоката на увид не смее да се прифати (член 111 став 3 од УСЦЗ).

  Ставањето на увид значи известување на царинскиот орган, коешто се врши на пропишан начин, дека стоката пристигнале кај царинскиот орган, односно на местото, коешто го определил царинскиот орган. Зависно од начинот на спроведување на постапкатапо,(поедноставување редовно царинење, форма на

царинските декларации) секоја царинска испостава е должна постојано да се грижи за примената и ефикасноста на спроведувањето на ставање на стоката на увид кај одделни испостави.

- дека се исполнети условите за издавање на одобрение за царинска постапка со економски ефект, кога прифаќањето на царинската декларација се смета за издавање на одобрение за царински постапки со економски ефект. Тоа се случаите на барања со поднесување на декларација од став 3 од член 312 од УСЦЗ. Бидејки секоја декларација по прифаќањето не оди на проверка (селективно царинење), условите за издавање на одобрение за постапка со економски ефект се проверува уште во фаза на прифаќање на декларацијата и со претходна проверка од надзорниот царински орган.

7. Ако царинската декларација е правилно пополнета, таа се прима веднаш.

### А-6-2-3-3 Одбивање на декларацијата

*Член 146 став 2*
*од УСЦЗ*

8. Ако условите наведени во претходниот дел, кои се однесуваат за прифаќање на царинската декларација не се исполнети, контролорот на декларацијата или на друг соодветен начин ги наведува причините за нејзино неприфаќање и заедно со прилозите му ја враќа на подносителот.

9. Секоја вратена царинска декларација по нејзиното повторно поднесување по правило треба да ја прегледа контролорот, којшто декларацијата претходно ја прегледал, или друго лице, коешто е надлежно за продолжување на постапката според таа декларација.

### А-6-2-3-4 Инсистирање на декларантот за прием на одбиена декларација

*Член 146 став 2*
*од УСЦЗ*

10. Ако подносителот писмено изјави дека не се согласува со наведената причина, шефот на испоставата мора да издаде заклучок со којшто се одбива прифаќањето на царинската декларација.

### А-6-2-3-5 Прифаќање на царинската декларација

*Член 4 точка 26*
*од ЦЗ*

**Прифаќање на царинска декларација е констатирање на царинскиот орган дека царинската декларација е во согласност со членовите 72 и 73 од ЦЗ и евидентирање на истата од страна на царинскиот орган, во пропишаната евиденција.**

11. Писмената царинска декларација се прифаќа од страна на контролорот, со нејзиното соодветно евидентирање. Писмената царинска декларација е прифатена од моментот кога ќе се запише во рубрика А регистарскиот број од пропишаната евиденции (контролник) и датум, односно рубрика В (транзитна постапка) од ЕЦД или во друга предвидена рубрика, ако не станува збор за образец ЕЦД. Евидентирањето на декларацијата во пропишаната евиденција значи и дека декларацијата дошла во статус на царинење.

### А-6-2-3-6 Измена на податоци во царинската декларација

*Член 75 од ЦЗ*

12. Откако царинската декларација е примена, декларантот може да побара промена на податоците во царинската декларација. Промената на податоците не е дозволена пред се во следниве случаи:

- погрешно декларирање на стоката
  Промена на декларацијата не е дозволена, ако податоците во декларацијата не се однесуваат на приложените стока, односно во декларацијата е декларирана поинаква стока од приложената (на пр. наместо мебел се пријавуваат летви, наместо машини се пријавува лим). Тоа се случаи кога стоката пограшно се декларира според своите очигледни карактеристики – очигледно неправилно декларирање (во однос на тежината, количината, вид).
- преглед на стоката
  Откако ќе се определи преглед на стоката и тоа ќе му се соопшти на декларантот (може усмено), барањето за промена на податоците не се прифаќа.
- констатација на царинскиот орган дека податоците, коишто декларантот сака да ги измени во декларацијата, се неточни
  Ако царинскиот орган по прифаќањето на царинската декларација утврди дека податоците во царинската декларација се неточни, не се дозволува измена на податоците во царинската декларацијата. Посебно известување на декларантот не е потребно – доволно е само усно соопштение при поднесувањето на барањето за измена на податоците во царинската декларација.
- пуштање на стоката на декларантот
  Промената на податоците во царинската декларација по пуштањето на стоката не е дозволена. При поедноставно поднесување на царински декларации треба да се има предвид, како пуштањето е регулирано во одобрението. Ако правилата за пуштање не биле повредени, може да се одобри промена на податокот во дополнителна декларација (поедноставени постапки), до моментот кога согласно со член 234 став 2 од ЦЗ треба да се евидентира царинскиот долг за тој период.

  Промената на податоците се спроведува со прецртување на погрешниот податок во царинската декларација во писмена форма

и се запишува правилниот податок над него; секоја таква промена декларантот или неговото овластено лице треба да ја потврдат во присуство на царинскиот работник, и тоа со ставање на печат над поправениот податок.

Секоја промена треба да се внесе и во ASYCUDA.

*Член 114 од УСЦЗ*

Ако била одобрена промена на податоците, може да се дозволи или да се бара поднесување на нова царинска декларација. со ист датум на прифаќање и ист број, како што го има првичната царинска декларација, и со поправените податоци (согласно упатства на Секторот за АОП).

**А-6-2-3-7 Поништување на царинската декларација**

13. По прифаќање на царинската декларација, поништување на царинската декларација може да се одобри само во следниве случаи:

- ако декларантот дури по прифаќањето на царинската декларација утврдил дека по грешка ненамерно декларирал стока за определена постапка (погрешно декларирање за определена постапка).
- ако постојат посебни околности, заради кои водењето на декларираната постапка веќе не би било оправдано. Тоа се војни, немири, природни катастрофи, платежна неспособност, ембарго на ООН, стечај на примачот, смрт на примачот и др.

Во обата случаи декларантот мора да поднесе барање и причината за поништувањето убедливо да ја докаже. Ако станува збор за општо познат факт (на пр. војна) тоа не треба да се докажува.

14. За поништување на царинската декларација треба да се решава веднаш по приемот на барањето. Ако декларантот за планираниот царински преглед е веќе известен, за поништувањето се решава дури по прегледот. Ако барањето се прифати причината за поништување се наведува во полето за забелешки на декларацијата, а на декларацијата со големи печатни букви се наведува „ПОНИШТЕНО„. Освен листовите 1 или 6 сите примероци заедно со прилозите му се враќаат на декларантот. Во ASYCUDA се спроведува операција на поништување на декларацијата, согласно упаство на Сектор за АОП.

*Член 76 став 2 од ЦЗ*

Поништувањето може да се дозволи до пуштањето на стоката; по пуштањето испоставата веќе не смее сама да ја поништи царинската декларација.
Царинската декларација може да се поништи и по пуштање на стоката во согласност со член 165 од УСЦЗ.

**А-6-2-3-8 Проверка на царинската декларација**

*Член 78 од ЦЗ*

15. Проверката на царинската декларација може да опфаќа проверка на документи и преглед на стока, вклучувајќи го и земањето мостри.

16. Во случај кога проверката на царинската декларација не е определана, стоката се пушта, царинската декларација се оверува и му се предава на декларантот, односно на неговиот застапник. За користење на одредбите за царинската постапка се земаат предвид податоците, коишто царинскиот декларант ги навел во царинската декларација. Во врска со пуштањето на стоката соодветно се употребуваат точките 51 до 53 од ова упатство.

Проверката на декларациите ја определува контролорот, освен ако определувањето на проверката не е уредено на поинаков начин. (Модул на селективност во рамки на МАКЦИС).

Определување на декларациите кои треба да бидат проверени и видот на проверките кои треба да се извршат се прави врз основа на анализа на ризик и техники за управување со ризик, со означување на соодветна шифра на контролниот печат. (Види Упатство за селективен преглед кај внатрешните царински испостави).

**А-6-2-3-9 Проверка на декларацијата и документите, коишто ја придружуваат царинската декларација**

17. Ако е определен преглед на документите, цариникот за тоа мора кај секој документ да ја провери неговата веродостојност и точноста на содржината, а потоа да ја провери точноста на сите документи заедно со царинската декларација во однос на бараната царинска постапка и бараните царински поволности. При утврдувањето на веродостојноста се проверува дали документот не е фалсификуван, а при проверката на точноста на содржината, дали документот одговара на бараната царинска постапка и условите коишто произлегуваат од важечките прописи. Евентуалното упатување е пред се појдовна точка во однос на веројатноста на неправилноста, заради што се определува проверка. Од декларантот може да се бара, ако е тоа потребно, да се приложат и дополнителни документи со коишто се проверува точноста на наводите во декларацијата (од член 78 точка а) од ЦЗ).

Проверката на царинската декларација опфаќа и проверка на исполнување на условите за повлатени постапки (на пример: ослободување) и спроведување на мерките на трговска политика.

Царинскиот работник, којшто ја проверил царинската декларација, во рубрика Г на извозна декларација односно рубрика S на увозна декларација запишува евентуална клаузула за ограничување на располагањето со стоката, односно употреба за определена намена.

Другите забелешки за решенијата, издадени во скратена постапка, контролорот ги запишува во полето за забелешки, ако не е определено поинаку

### А-6-2-3-10 Проверка на поедноставените декларации

18. Кај непотполните царински декларации задолжително е проверувањето на податоците и документите коишто мора да ги приложи декларантот и податоците, коишто декларантот мора да ги наведе согласно со членовите 170 до 173, односно член 197 од УСЦЗ и во согласност со одобрението, којашто ја дал контролорот.

19. При поедноставните постапки на декларирање, може да се проверуваат податоци и документи коишто треба да се приложат и совпаѓањето на тие документи и постапката со одобрението коешто го дало Централната управа на Царинската управа.

20. При локалното царинење, стоката се декларира врз основа на запишување во евиденцијата. Декларирањето може да се провери по известувањето за декларирање. Се проверува самата евиденција и документите, коишто биле основа за евидентирањето, и се прегледува стоката.

### А-6-2-3-11 Проверка на дополнителни декларации

21. Проверката на податоците и документите за дополнителните царински декларации опфаќа пред се проверка на целосната усогласеност на дополнителната декларација со поедноставените царински декларации и точноста на дополнителните податоци зависно од декларираните стока. За дополнителната царинска декларација и документите приложени кон неа, проверката се одвива на ист начин како и кај вообичаената декларација. Во случај на основано сомневање за неправилности, коишто треба да се утврдат со прегледот на стоката во трговското друштво, за тоа се известува шефот на царинската испостава, којшто го разгледува случајот и по потреба бара дополнителен преглед на стоката, согласно со член 90 од ЦЗ. Ако се утврди повеќекратно кршење на одобрението и повеќекратно доцнење на поднесувањето на дополнителната декларација, царинската испостава веднаш ја известува Централната управа на Царинската управа.

Во секој случај, дополнителната декларација мора да биде благовремено поднесена, во предвидениот рок, прифатена и дадена за пресметка. По дополнителната пресметка, евентуалната разлика на давачките се пресметува со дополнителна доплата или враќање на давачките (член 243 односно 250 до 253 од ЦЗ).

Кај поедноставувањата треба посебно да се внимава на моментот на прифаќање на поедноставената декларација, зашто тој момент е поврзана со примената на прописите (материјални и формални).

*Член 78 до 80 од ЦЗ и*
*член 147 до 149 од УСЦЗ*

## А-6-2-4 ПРЕГЛЕД НА СТОКА

22. Прегледот на стоката се врши на определени места и во работно време, коишто ги определил царинскиот орган. Цариникот којшто ќе го врши прегледот на стоката по конкретната декларација го определува контролорот, освен ако прегледот на стоката не се определува на друг начин, како што е на пример употребата на Модулот на селективност во рамките на МАКЦИС.

*Член 148 од УСЦЗ*

Ако организациски не е поинаку решено, цариникот, којшто ќе ја прегледува стоката за тоа усно го известува декларантот или неговиот застапник. Ако биде прегледан само дел од стоката, цариникот истворемено усно го известува декларантот и за тоа, кои товари, односно делови од стоката, ќе бидат прегледани. Ако цариникот го известил декларантот за делумен преглед на стоката, при прегледот може да одлучи и за преглед на останатиот дел од стоката, но и за дополнителниот преглед најнапред мора да го извести декларантот, односно неговото овластено лице. Преглед на преостанатите декларирани стока може да побара и декларантот.

*Член 79 став 2*
*од ЦЗ*

23. Цариникот може да побара декларантот или неговиот застапник да бидат присатни при прегледот на стоката, ако е потребно, за да се олесни прегледот на стоката или земањето на мостри. Декларантот или другото лице, коешто тој ќе го определи за учество во царинскиот преглед, мора на цариникот да му ја даде целата потребна помош, за да се олесни и овозможи прегледот на стоката.

*Член 149 став1*
*од УСЦЗ*

Ако декларантот или лицето, коешто го овластил, не дава соодветна помош при прегледот на стоката или земањето мостри, цариникот во согласност со контролорот бара од декларантот да определи друго лице, коешто ќе даде соодветна помош.

*Член 149 став2*
*од УСЦЗ*

Ако царинскиот декларант ја одбие соработката при прегледот на стоката или не овласти друго лице, коешто при царинскиот преглед би ја дало потребната помош, цариникот повторно усно го известува декларантот и му определува рок во кој тој мора да ги исполни своите обврски, освен ако цариникот не се откаже од прегледот на стоката и не ја заврши постапката на царинење без преглед на стоката. За тоа мора да направи забелешка на

задната страна од декларацијата од писмената декларација и да наведе, зошто се откажал од прегледот на стоката.

24. Ако декларантот во определен рок не ги исполни наложените обврски, царинската декларација му се предава на контролорот, којшто решава за понатамошната постапка.

Контролорот може во тој случај, зависно од околностите да реши:

- Дека прегледот на стоката ќе се изостави и постапката ќе се заврши без преглед;
- Дека прегледот ќе се спроведе по службен пат на ризик и трошоци на декларантот, при што може да се вклучат надворешни стручњаци, согласно со член 149 вториот подстав од став 2 и став 3 од УСЦЗ. Ако постапката не е можно да се заврши, зависно од видот на стоката таа може и да се одземе или продаде, согласно член 85 од ЦЗ;
- Царинскиот орган да ја смета таа декларација за поништена , согласно со член 149 став 4 од УСЦЗ. Во тој случај на декларацијата со големи печатни букви се наведува „*ПОНИШТЕНО*„. Освен листот 1, односно 6, сите примероци заедно со прилозите му се враќаат на декларантот. Во ASYCUDA се спроведува операција на поништување на декларацијата согласно упатва на Сектор на АОП.

25. Ако стоката не се наоѓаат на место, каде што заради спроведувањето на постапката би требало да се наоѓаат, треба најнапред да се утврди каде се наоѓаат стоката. Во случај, кога ќе се утврди дека стоката не се наоѓа на местото каде што би требало да биде и дека се дадени на недозволено користење или употреба, треба да се утврди врз основа на која одредба од ЦЗ настанал царинскиот долг. Ако станува збор за настанување на царинскиот долг според членовите од 217 до 220 од ЦЗ за тоа се составува записник, а царинскиот долг се пресметува со решение. Согласно со член 462 од УСЦЗ таа стока се смета за домашна стока и за неа не е потребна царинска декларација за пуштање во слободен промет, затоа царинската декларација (сет ЕЦД) по службена должност истовремено се повлекува и архивира заедно со решението. Во овој случај ако така произлегува од прописите и тоа е применливо, треба да се употребат мерките за забрана и органичување, коишто важат за пуштање на таа стока во слободен промет

### А-6-2-4-1 Утврдување на количината и карактеристиките на стоката

*Член 78 од ЦЗ*

26. Прегледот на стоката се спроведува заради споредба на стоката помеѓу декларираната состојба на стоката во царинската декларација и фактичката состојба на стоката во поглед на:

- количината на стоката (претставува основа за определување на давачките кои се зависни од единицата мерка и употребата на количински ограничувања).
- карактеристики и состав на стоката (претставува основа за распоредување на стоката во Царинската тарифа, определување на давачките зависно од составот и вредноста «ad valorem» и користење на прописите за забраните и ограничувањата).

27. При утврдувањето на количината на стоката, цариникот **мора** да ја утврди количината на стоката во онаа единица мерка, којашто е основа за пресметување на давачките, односно употреба на количинските ограничувања. Ако на пример е пропишана посебна давачка по килограм, количината на стоката се утврдува во таа единица мерка, ако е пропишана за литар, се утврдува количината на стоката во литри, и ако треба истовремено да се утврди и тежината на стоката. Цариникот мора при утврдувањето на количината да користи средства за мерење, коишто се сигурни; вагите и другите средства за мерење мора да бидат инспекциски проверени и да имаат соодветен печат или налепница. При утврдувањето на количеството на стоката, коишто според своите карактеристики се хигроскопски или се сушат, тоа мора да се има предвид со оглед на временските и климатските услови. Исто така треба да се имаат предвид и разликите коишто настануваат затоа што стоката го менуваат волуменот зависно од температурата.

*Член 160 од УСЦЗ*

28. Наодите при прегледотот на стоката мора да ја прикажат фактичката состојба и да бидат недвосмислено запишани, со забелешка во ЕЦД или во вид на записник. Наодите од проверката на декларацијата мора покрај општите податоци да ги содржи и следниве податоци:
- каде бил вршен прегледот;
- кој го спроведувал прегледот (цариник, стручно трговско друштво коешто било замолено за преглед, вешто лице);
- учество на декларантот или неговиот застапник;
- кои мерни средства биле употребени (нивната состојба);
- кои отстапувања биле земени предвид и зошто (да се наведат метеоролошките причини);
- фактички утврдената количина, којашто е основа за пресметка на давачките.

29. Цариникот ги утврдува карактеристиките и својствата на стоката пред се со органолептички преглед на стоката, при што ги има предвид сите особености на стоката, коишто се карактеристични за определени стока или трансакции, и уште посебно сите тие карактеристики и својства, коишто посебно се значајни за правилата за распоредување на стоката во Царинската тарифа или за правилата за одредување нацаринската вредност. Во некои случаи (определени стока од Царинската тарифа опфатени со глава 4, 17, 18, 19, 20, 21, 33) цариникот мора да го провери и составот (процент на млечни масти, млечни протеини, скроб/гликоза,

сахароза/инвертен шеќер/изогликоза и др.) на стоката. Тоа го проверува така што ги споредува податоците запишани во ЕЦД, со податоците коишто се на цертификатот на призводот. Стоката од таков вид мора да имаат соодветен цертификат приложен кон ЕЦД. Во случај да не е приложен цертификат, ЕЦД неможе да се пополни и не е можно да се пресметаат давачките. Ако цариникот се посомнева во веродостојноста на цертификатот на производот може да земе мостра, којшто се испраќа на хемиска анализа. Добиените резултати од хемиската анализа се споредуваат со цертификатот, којшто бил приложен кон ЕЦД при нејзиното поднесување.

30. Ако цариникот не може да ги утврди карактеристиките и својствата на стоката со органолептички преглед, а не може физички да се земе мостра од стоката, зашто станува збор за машина, апарат, направа и др. тој бара технички појаснувања, скици, проспекит и др. При што постапува на следниов начин:

- Извршува преглед на машината, ја проверува идентификацијата со податоците од фактурата и другите документи;
- Ги прегледува проспектите, односно плановите со потребните информации за определување на природата на стоката:
    - Проверува дали тие документи се однесуваат на стоката, опишана во фактурата, и на прегледаната стока (имаат исти идентификациски ознаки за видот, типот, каталошкиот број и др.),
    - проверува дал проспектите, каталозите и сл. ги содржат сите потребни информации за проверка на распоредувањето во комбинираната н оменклатура, зависно од именувањето на пријавентата тарифна ознака.

Наодите од прегледот и податоците за бараните дополнителни документи (коишто не се запишано во полето 44 од ЕЦД), проспектите, каталозите, техничките податоци, треба да се зпишат во рубриките Г („РЕЗУЛТАТ„: наодите од прегледот на стока - при извоз и транзит) и Д (се запишуваат подеталните наоди на царинскиот орган при преглед на стоката - при извоз и транзит) односно рубрика S (на задната страна се запишуваат подеталните наоди на царинскиот орган при преглед на стоката - при увоз) во согласност со одредбите од Правилникот за пополнување на ЕЦД и компјутерската размена на податоци, како и за другите обрасци, коишто се користат во царинските постапки или во посебен записник за наод од прегледот на стоката.

Кон записот за прием на документацијата, којашто е потребна за дополнително конечно утврдување на карактеристиките на машината, односно направата, кој е дел од записникот за прегледот на машината или направата со констатациите, односно кон записникот за земање на мостри се приложува и мислење за распоредување во комбинираната номенклатура коешто го подготвила стручна група за распоредување на стоката во комбинираната номенклатура, составена од вработените во царинската испостава.

Врз основа на визуелно утврдените карактеристики и својства на стоката, со употреба на технички стандарди, нормативи и поими се определува видот на стоката, а потоа таа стока со употреба на општи правила за распоредување во комбинираната номенклатура (основни правила за употреба на комбинирана номенклатура ) се распоредуваат во царинската тарифа, при што треба како помош да се користат и коментарските забелешки кон царинската тарифа. Каракеристиката и својствата на стоката мора јасно да се определат во поглед на моменталната состојба на местото на царинскиот преглед, а не според нивната идна намена.
Субјективното – лично објаснување на целта на употребата на стоката не е дозволено.

## А-6-2-4-2 Земање на мостри

*Член 150 до 155 од УСЦЗ*

31. Ако правилното утврдување на карактеристиката или составот на стоката неможе да се утврди само врз основа на органолептичкиот преглед или проверка на примерокот од стоката, треба да се земат мостри за анализа, за што се известува декларантот или неговиот застапник.

### А-6-2-4-2-1 *Записник за земени мостри*

*Член 155 од УСЦЗ*

32. Записникот за земање на мостри се составува на образец, чиј примерок се наоѓа во прилогот 25 од УСЦЗ. Записникот за земање на мостри се изготвува во три примерока:
- двата примерока од мострите заедно со соодветниот лист на записникот за земање на мостри се наменети за царинската лабораторија која ги спроведува потребните анализи и другите соодветни испитувања,
- вториот примерок од записник го задржува царинската испостава која ги зела мострите и
- третиот примерок од записникот му е наменет на декларантот.

Ако на фактурата има повеќе видови различна стока, а во ЕЦД е наведена само една тарифна ознака, при земањето на мостра мора да се наведе името на конкретната стока, коишто е земена за анализа. Записникот е поврзан само со едно трговско име на стоката.

Кон записникот се приложуваат соодветни придружни документи од царинската декларација, коишто го појаснуваат видот на стоката, нивната природа, количината и техничките карактеристики.

За примероците стока, коишто се спаѓаат во групите на опасни материи, мора кон записникот за одземање на мостри, наменети за царинската лабораторија, да и се приложи примерок од безбедносниот лист.

Царинскиот работник заради обезбедување на истоветност, секоја земена мостра да ја означи соодветно, вклучувајќи го и ставањето на царински ознаки, како што се печат или царинска пломба.

### А-6-2-4-2-2 Количина на земени мостри

33. Царинскиот работник по правило зема барем две званични мостри од кои едната мостра служи за обезбедување на истоветност. На барање на декларантот може да земе и трета мостра.

| **Вид на мостра** | **Најмала количина по мостра** |
|---|---|
| Месо (свежо или замрзнато) | 500 г |
| Млеко и млечни производи | 500 мл/г |
| Ориз | 250 г |
| Производи од мелничката индустрија | 250г |
| Семе од маслена репка | 2000 г |
| Колбаси и други производи од месо | 400 г |
| Други прехранбени производи во тврда состојба | 500 г |
| Други прехранбени производи во течна состојба | 500 мл |
| Течности, пасти, цврсти материи | 100 г |
| Нафтени деривати | 500 мл |
| Стока во котури | Не помалку од 50 цм по целата ширина |
| Стока во листови или плочи | Не помалку од 30 x 30 цм или оригиналната форма |
| Предиво, монофиламенти, врвки | 20 м намотани на труба или сличен предмет |
| Текстилна облека, други текстилни проозводи одвен ткаенини во бали, обувки | Оригинална форма – едно парче |
| Жица | Не помалку од 20 м |

Ако стоката се спакувани во форма за продажба на мало, треба да се земат толку парчиња на пакувања за продажба на мало за да се достигне масата на горе наведените вредности.

Ако околностите на одделниот случај го дозволуваат тоа, може да се земат и помали или поголеми количини од наведените во табелата.

Ако е тоа потребно заради правилно распоредување според царинската тарифа, прегледот на стоката или земањето на мостри може да се изврши и при истоварот или монтажата на стоката во фабриката, односно при утоварот за извоз.

Машините, односно направите, може да се претставаат и со проспекти, планови, скици, фотографии или други писмени документи, коишто содржат потребни информации за определување на природата на стоката.

34. Случаи кога царинскиот работник не зема мостра самостојно:

- Кај прехранбените производи, коишто се во растурена состојба, односно пакувани на големо (на пр. млеко во цистерни, путер во блокови над 1 кг, брашно, скроб и жито во цистерни и сл.), советуваме мострата да ја земе стручно оспособен претставник

на претпријатието под непосреден надзор на царинскиот работник.

- Мострата која заради природата на стоката не е земена при прегледот (опасна материја, асептично пакувани стока...), туку дополнително во претпријатието, мора при земањето на мострата задолжително да биде присутен царинскиот работник.

**A-6-2-4-2-3** Постапување со земените мостри

35. Примероците коишто брзо се расипуваат (на пр. млеко и млечни производи, свежо месо, градинарски производи, овошје и др.) мора задолжително да се чуваат во ладилници или замрзнувачи. Транспортот на таквите стока до царинската лабораторија мора да се одвива во посебни торби за ладење, мора да биде обезбеден таканаречениот „студен синџир„, што значи дека примерокот којшто е оладен или замрзнат мора да остане во таква состојба до почетокот на анализата.
Во случај на земање на замрзнати или оладени мостри, тие мора да се достават во царинската лабораторија веднаш.

**A-6-2-4-2-4** Постапување со мострите по извршената анализа

36. Земените мостри може да се уништат кога ќе се исцрпат сите правни средства, коишто декларантот ги има на располагање против решението на царинскиот орган. Кога станува збор за мостри коишто се опасни за околината или се отровни, може да бараме царинскиот декларант да ги преземе и да се погрижи за нивно уништување или да го извести дека со испитувањето стоката е потрошена.

**A-6-2-4-3 Утврдување на вредноста**

37. Утврдувањето на карактеристиките и својствата на стоката во однос на царинската вредност опфаќа пред се споредување на фактичкиот квалитет и количина на стоката, коишто се изразени во цената за стоката, со декларираната царинска вредност. Се утврдуваат пред се карактеристиките и својствата, коишто специфично ја определуваат вредноста на стоката, особено тие, коишто очигледно отстапуваат од вообичаената фактурна вредност или пазарната вредност, односно од вообичаениот начин на вреднување на пазарот. Може да произлегуваат пред се од:
- формата на трансакциите, зависно од видот на стоката (берзанска стока, зеленчук, отпадоци);
- декларирање на стоката заради оштетеност (и оштетувања под царински надзор):
- вредноста на стоката зависно од видот на царинската постапка (преработка под царински надзор, привремен извоз за облагородување, увоз за облагородување).

**А-6-2-4-4 Утврдување на други елементи (потекло, квоти, поволности, забрани и ограничувања)**

38. По определувањето на количината на стоката, тарифната ознака и царинската вредност, зависно од целта на прегледот или (ако така налагаат околностите) се спроведуваат и понатамошни контроли:

- на потеклото на стоката (контролите се спроведуваат според правилата за потеклото),
- на тарифните и нетарифните квоти (количински и вредносни),
- на другите царински поволности и олеснувања, коишто се поврзани со стоката,
- на забраните и ограничувањата, коишто важат за стоката,
- на други мерки на надворешната трговија.

**А-6-2-4-5 Утврдување на исполнувањето на условите за избраната постапка или царинско ослободување**

39. Доколку при проверката на царинската декларација се утврди дека стоката не ги исполнуваат условите за повластени постапки (ослободување, враќање на извезена стока) или друга поволност, се определува износ на царинскиот долг, како поволноста да не била барана. Во случај за пуштање на стоката да важат посебни прописи, коишто бараат дозволи, или важат други забрани и ограничувања, се утврдува, кои дозволи треба да се приложат и кои барања треба да бидат исполнети, за да може стоката да се пушти. Таквите констатации во записникот треба детално да се образложат.

**А-6-2-4-5-1 Резултати на проверката**

*Член 160 став 1 од УСЦЗ*

40. Ако царинската декларација се проверува, предметот на проверката и резултатите на проверката на царинската декларација и прегледот на стоката се бележат на задната страна на царинската декларација (рубрики, Г и Д (извоз) односно S (увоз) од ЕЦД). Ако проверката била извршена со делумен преглед на стоката, треба да се наведат и деловите на стоката или товарот, коишто биле прегледани, и податокот за која стока важат резултатите на проверката (за сета стока или дел од стоката). Се наведува и ако декларантот, односно неговиот застапник, не бил присутен при прегледот на стоката. Ако резултатите на проверката покажат усогласеност на податоците од царинската декларација со фактичката состојба, покрај претходните забелешки се внесува (рубрики, Г и Д, односно S од ЕЦД) и забелешката *“УСОГЛАСЕНО„*.

**А-6-2-4-5-2** Записник за наод

*Член 160 став 2*
*од УСЦЗ*

41. Ако при проверката на декларацијата се утврдат поинакви основи за определување на увозните давачки или ако се утврди дека за стоката важат забрани и ограничувања или други мерки на трговската политика, во однос на кои декларантот стоката не ја декларирал правилно, цариникот тие наоди ги наведува во записник (Записник за наод-во прилог повеќе видови) . Во записникот се наведуваат сите околности на проверката и лицето, коешто од страна на декларантот учествувало при царинскиот преглед, односно фактот, дека тоа лице при прегледот на стоката не било присутно. Записникот го потпишува и декларантот или неговото овластено лице, коешто било присутно при царинскиот преглед. Кон записникот се приложуваат сите документи, скици, наоди и други документи, врз основа на кои биле утврдени поинакви основи за определеување на царинскиот долг. Записникот го потпишува цариникот којшто ја спровел проверката, односно прегледот на стоката. Записник за наодот не се составува ако станува збор за занемарливи и несуштински отстапувања.

Записникот мора, во зависност од декларираната состојба и наодите, да содржи:

- податоци за декларантот и евентуалниот застапник (шпедитер),
- податоци за царинскиот должник,
- декларирана состојба на стоката и декларирани податоци за стоката,
- правна основа за настанатиот царински долг,
- податоци за увозникот, односно примачот на стоката,
- опис и ознаки за фактичката состојба на стоката и околностите врз коишто се темели определувањето на новите основи за определување на увозните давачки или барањето за поинаквов царински третман (забрани, ограничувања, контингенти и др.). Притоа треба да се наведе уште посебно:
    - предметот и резултатот на царинскиот преглед (што било прегледано).
    - како биле утврдени карактеристиките, својствата и количините на стоката (разгледување, мислење на вешто лице, мостри, проспекти, планови, ценовници, каталози, мерење и др.),
    - земање на мостри, ако биле земени;
    - резултатите од анализата на мострите;
    - денот на пуштање на стоката, ако стоката била пуштена;
    - податоци за забраните и ограничувањата за стоката;
    - мерки за обезбедување на истоветност, ако биле донесени такви мерки. Треба да се наведе и датумот и името на цариникот, којшто ги презел тие мерки. Кога стоката се пушта пред конечното утврдување на царинскиот долг, тие мерки се задолжителни;

- податок, дали евентуалниот царински долг е осигурен согласно со одобрение за одложување на плаќањето;

*Член230 став 1 од ЦЗ*

- пресметка на увозните давачки во определениот момент и во пропишаната висина. Притоа треба зависно од постапката :
  - да се определи царинската вредност согласно со наодите од проверката,
  - да се определи тарифна ознака и царинска стапка, согласно со утврдените карактеристики и својства на стоката,
  - да се пресмета износот на царината,
  - да се опредлеи количината и составот на стоката,
  - да се пресмета износот на посебните давачки за земјоделските производи, согласно со утврдената количини и состав на стоката,
  - да се пресмета износот на акцизата ,
  - да се определи даночната основа,
  - да се пресмета висината на ДДВ врз основа на употребената даночна стапка,
  - да се пресметаат други увозни давачки,
  - да се пресмета вкупниот износ на давачките;
  - да се внесе датум и потпис на цариникот, којшто ја извршил проверката на царинската декларација.

Записникот му се врачува на декларантот, односно неговиот застапник. Во записникот декларантот се поучува дека во рок од осум (8) дена може да поднесе забелешки на записникот. Записникот во продолжение на постапката има карактер на доказно средство.

42. Записник за наод на начинот определен со точка 46 од ова упатство се изготвува и во случај на претходно земени мостри, при што во записникот задолжително се наведуваат и резултатите од анализата, коишто ги извршила царинската или друга надлежна лабораторија.

Стручното мислење на царинската лабораторија за распоредување на мострата на стоката е стручна помош за испоставата во фазата на проверка на декларацијата според член 78 од ЦЗ. Кога испоставата ќе го прими стручното мислење на лабораторијата со резултатите од испитувањето на стоката, мора да состави записник за наод за царинската декларација и резулататите од испитувањето заедно со мислењето за распоредувањето на стоката да ги наведе во записникот со основата за нивното утврдување. Стручното мислење на лабораторијата е прилог кон записникот за наод. Со записникот испоставата го известува декларантот за резултатите од проверката.

**А-6-2-4-5-3** Постапка по предавањето на записникот на декларантот

*Член 161 став 2 од УСЦЗ*

43. Без влијание врз казнените одредби, декларантот може, имајќи го во предвид наодот во записникот, да поднесе нова царинска декларација. Во тој случај меродавен датум за определување на давачките, коишто се плаќаат при увозот на стоката, или другите мерки, коишто се однесуваат на бараната царинска постапка, е датумот на приемот на првичната царинска декларација. Соодветно се употребува точката 12 од ова упатство.

*Член 161 став 3 и 4 од УСЦЗ*

44. Во случаи кога декларантот не се согласува со констатациите во записникот од претходната точка, тој може, во рок од осум дена од деност на врачувањето на записникот, да поднесе приговор, но приговор повеќе не може да поднесе, ако стоката веќе му биле пропуштена врз основа на новата царинска декларација.

По приемот на приговорот, шефот на испоставата определува трилчлена комисија (освен за претходно земени мостри), којашто спроведува повторна проверка на царинската декларација со преглед на приложените документи и стоката. За резултатот на проверката комисијата составува записник (во продолжение: записник на комисијата) и еден примерок му врачува на декларантот. Против записникот на комисијата не е дозволен приговор.

**А-6-2-4-5-4** Издавање на решение

*Член 161 став 5 од УСЦЗ*

45. Врз основа на записникот на комисијата, односно ако декларантот не постапува согласно со точка 5о од ова упатство, службата за управна постапка и прекршоци издава решение со кое определува нови основи за пресметка на давачките и ја пресметува разликата на давачките, до износот на давачките, пресметани на основите, коишто ги навел декларантот во царинската декларација. Во решението задожително се наведува и бројот на одобрение за одложено плаќање на давачки, којшто е запишан во ЕЦД, на кое се однесува решението. Кога во полето 48 од ЕЦД е запишано одобрението за одложување на плаќањето, одложувањето на плаќањето важи и за решението.

**А-6-2-5 ПУШТАЊЕ НА СТОКА**

46. Кога царинската декларација е проверена, стоката ја пушта цариникот којшто ја проверувал декларацијата и приложените документи,

односно извршил преглед на стоката. Стоката ја пушта веднаш штом се исполнети условите за пуштање на стоката.

47. Цариникот којшто ја извршил проверката на царинската декларација, односно прегледот на стоката, пред пуштањето на стоката донесува соодветни мерки за утврдување на истоветноста на стоката, ако е тоа потребно заради спроведување на понатамошната постапка.

Преземените мерки за обезбедување на истоветноста треба да се наведат во царинската декларација или во записникот кон царинската декларација (пломби, слики, фотографии, проспекти, примероци, опис на стоката и сл.).

*Член 163 став 2 од УСЦЗ*

Стоката по правило се пушта така што се предава примерок од царинската декларација на декларантот, а може да се издаде и посебна потврда или друг документ, на којшто е наведено дека стоката се пушта На декларацијата се става забелешка за пуштање и се става датумот на пуштање.

На декларацијата мора во **МАКЦИС да се даде во статус на утврдување со што автоматски се врши и пресметка** . За тоа е пред се одговорен цариникот, којшто ја пуштил стоката, а раководителот на испоставата е должен неделно да провери дали сите примени царински декларации благовремено биле дадени на пресметка.

48. ***Во следните случаи за пуштањето решава контролорот:***

*Член 162 став 1 од УСЦЗ*

- <u>веројатност на повисок царински долг при недовршена проверка на декларацијата</u>
  Кога е веројатно дека резултатите на проверката ќе предизвикаат повисок царински долг отколку што е царинскиот долг што царинскиот орган би требало да го пресмета врз основа на податоците, наведени во царинската декларација, царинскиот декларант мора, пред стоката да му се пушти, без оглед на завршување од проверката, да поднесе соодветен инструмент за обезбедување за евентуалната разлика во висината на пресметаниот царински долг или да го плати така определенито повисок царински долг. На декларацијата мора да има напомена дека проверката не е завршена. На декларацијата, на задната страна се наведуваат извршените делумни проверки, во кој се наведуваат дополнителните проверки кои се определени и евентуалниот рок за нивно завршување. Ваквите декларации се заведуваат во Контролникот за стока пуштена во постапка пред целосно да се заврши проверката. По завршувањето на проверката следи дополнително крајно утврдување на царинскиот долг со изготвување на записник за наод согласно точка 41 од ова Упатство.

*Член 156*
*од УСЦЗ*

- <u>земање на мостри</u>
  Ако царинскиот орган земе мостра на стоката заради проверка на точноста и правилноста на прифатената декларација, може стоката да му ја пушти на декларантот порано, пред да биде завршено испитувањето на мострата, ако настанатиот или евентуалниот царински долг во врска со таа стока е платен, односно соодветно обезбеден и ако пуштањето не го оневозможуваат други причини. На декларацијата мора да биде наведено дека биле земени мостри, во задната страна на царинската декларација, рубрика Г и Е (извоз) и рубрика S (увоз). Кон декларацијата се приложува записник за земените мостри. Ваквите декларации се заведуваат истотака и во Контролникот за стока пуштена во постапка пред целосно да се заврши проверката. По завршувањето на проверката следи дополнително крајно утврдување на царинскиот долг со изготвување на записник за наод согласно точка 41 од ова Упатство.

- <u>утврдување на повисок царински долг</u>
  Кога царинскиот орган врз основа на проверка на декларацијата утврди дека износот на царинскиот долг не се совпаѓа со податоците, коишто декларантот ги навел во декларацијата, стоката ја пушта, ако декларантот го плати поинаку наведениот царински долг или ако соодветно го обезбеди.

- <u>Поднесување на непотполна декларација</u>
  Кај непотполните царински декларации (член 88 став 1 точка а) од ЦЗ) стоката се пропушта согласно со член 173 од УСЦЗ.

  При постапка на локално царинење, пуштањето се спроведува согласно со член 182 од УСЦЗ и одобрението за употреба на постапката за локално царинење. Датумот на пуштање не се запишува во дополнителната декларација ( тоа се однесува и за поедноставената постапка за декларирање).

  Во врска со обезбедување на разликата на царинскито долг од точка 45 од ова упаство, коешто е услов за пуштање на стоката, се користи точка 56 од ова упатство.

**А-6-2-5-1 Постапување во случаи кога не е дозволено стоката да се пушти**

49. Пуштање на стоката не е дозволено:

*Член 85 точка а)*
*прва алинеа од ЦЗ*

а) кога <u>не било можно да започне или да продолжи прегледот на стоката</u> во рокот, којшто го определил царинскиот орган од причини на страната на декларантот;

*Член 85 точка а)*
*втора алинеа од ЦЗ*

б) кога не се приложени документи, коишто се потребни за одобрување на избраната царинска постапка;

*Член 85 точка а)*
*трета алинеа од ЦЗ*

в) кога треба да се плати или обезбеди царинскио долг, а тој нема да биде платен или соодветно обезбеден;

*Член 85 точка а)*
*четврта алинеа од ЦЗ*

г) кога за стоката важат забрани и ограничувања, коишто го спречуваат спроведувањето на бараната постапка;

*Член 162 став 3*
*од УСЦЗ*

д) кога царинскиот орган не може да утврди дали стоката е предмет на какви и да е забрани или ограничувања , додека не се познати резултатите на проверката.

Во случаите кај точките б) и д) по правило се определува рок од десет дена за отстранување на причините коишто го спречуваат пропуштањето. Декларациите за стоката, коишто не може да се пропуштат ниту по истекот на тој рок, му се предаваат на шефот на испоставата, којшто спроведува понатамошни постапки, потребни за преместување и продажба на стоката.

*член 164 став 2*
*од УСЦЗ*

50. Кога на декларантот му било наложено во определен рок да поднесе соодветни документи (член 85 точка а) втора алинеја) , за да може стоката да се пуштат, а декларантот не го стори тоа, царинската декларација се смета за неважечка и се поништува (76 став 3 од ЦЗ) . Во тој случај на декларацијата со големи печатни букви се наведува ***„ПОНИШТЕНО 164/2„***. Поништувањето на декларацијата важи од денот на прифаќањето на декларацијата. Освен листот 1, односно 6, сите примероци, заедно со прилозите, му се враќаат на декларантот. Во МАКЦИС царинската декларација се поништува.

*Член 164 став 3*
*од УСЦЗ*

51. Кога износот на царинскиот долг не е платен или во рокот, којшто е определен не се приложи соодветно обезбедување (член 85 точка а) трета алинеа од ЦЗ) се спроведуваат подготвителни дејства за одземање и продажба на стоката во согласност со член 85 од ЦЗ. На декларантот може да му се дозволи поништување на царинската декларација имајќи го во предвид член 76 став 1 од ЦЗ, односно членот 191 од ЦЗ , кога се исполнети условите за тоа. Кога и во времето, коешто царинскиот орган

го употребил за подготвителни работи, потребни за продажба на предметните стока, не се отстранети пречките, коишто го спречуваат пуштањето на стоката, стоката може да се продадат во согласност со прописите коишто ја регулираат продажбата на (царинската) стока. Стоката може на трошок и ризик на декларантот да се преместат на друго место, каде што ќе може да се спроведува ефикасен надзор над стоката.

52. Постапките за воведување на прекршочна постапка се спроведуваат без оглед на правилата за настанување на царинскиот долг и постапката на царинење на стоката.

### А-6-2-5-2 Потврдување на декларацијата

53. Цариникот го заверува првиот сет на царинската декларација со службен печат, а потоа ги распределува царинските декларации.Листовите 1 , односно 6 од ЕЦД ги задржува царинскиот орган заедно со прилозите. Се задржува еден примерок од фактурата и декларацијата за царинската вредност на стоката и други документи, освен ако на декларантот документите не му се потребни за други цели. Во тој случај царинските органи мора да обезбедат документите да не може да се употребат поинаку отколку како доказ за количината или вредноста на стоката, на коишто се однесуваат (член 110 од УСЦЗ).

54. Пред да еден примерок од царинската декларација му се врачи на деклараrантот или неговиот застапник, треба да се обезбеди:

- царинската декларација да ги поминала сите барани фази на царинењето,
- царинскиот долг да е платен или осигурен;
- на писментата декларација (примерок за странката) да е ставена забелешка за пуштање и се запишува датумот на пуштање (член 163 став 2 од УСЦЗ);

## А-6-2-6 ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИОТ ДОЛГ

### А-6-2-6-1 Евидентирање на износот на царинскиот долг

*Член 234 од ЦЗ*

55. Износот на утврдените давачки треба да се евидентира пред пуштањето на стоката. Износот на давачките, којшто бил пријавен во царинската декларација се евидентира зависно од податоците коишто ги навел декларантот во царинската декларација. Евидентирање на долгот, којшто е пријавен во рубриката 47 од ЕЦД ја спроведува работникот во испоставата определен за тие работи; тој работник се грижи и за врачување на примероците на ЕЦД.

Ако дел од давачките бил пресметан со решение врз основа на член 161 став 5 од УСЦЗ, тој износ на давачките се евидентира веднаш. Во полето 44 цариникот којшто го изработил записникот, врз основа на кој ќе биде издадено решението, ја запишува забелешката „*Записник член 161 од*

*УСЦЗ „*. Стоката не е дозволетно да се пушти ако давачките не се платени во целост или обезбедени.

**А-6-2-6-2 Обезбедување и евидентирање на евентуалниот царински долг**

56. Кога се поднесува и прифаќа непотполна царинска декларација ( член 88 став 1 точка а) од ЦЗ) или ако проверката на декларацијата не е конечна, се евидентира само оној износ на давачките, којшто произлегува од привремените податоци и е наведен во полето 47 од ЕЦД; за разликата до можниот конечен износ на давачки, треба да се бара обезбедување( гаранција). ( член 173 став 3 и став 4 точка а) од УСЦЗ)

Разликата до евентуалниот износ на давачките, царинскиот работник ја запишува во рубрика Б од писмената царинска декларација. Во рубрика 44 се запишува видот на предложеното обезбедување ( GO1 или G99), а во полето Б висината на обезбедувањето (износот не евентуалниот царински долг): тие податоци се внесуваат и во МАКЦИС .

Обезбедувањето на евентуалниот царински долг до полната царинска стапка не треба да се бара за квотата, којашто во смисла на член 218 од УСЦЗ важи за некритична.

**А-6-2-6-3 Соопштување на износот на царинскиот долг**

57. Царинскиот долг треба да му се соопшти на декларантот или на неговиот застапник. Износот на царинскиот долг, којшто е определен со решение, се соопштува во согласност со одредбите за врачување на решенија ( ЗОУП), а царинскиот долг, пресметан во царинскта декларација, којашто ја прифатил царинскиот орган, согласно член 235 ст.2 од ЦЗ, се смета за соопштен во моментот на **пуштање** на стоката на декларантот.

**А-6-2-6-4 Плаќање на износот на царинскиот долг**

*Член 236 став 1*
*од ЦЗ*

58. Износот на давачките којшто бил соопштен, должникот или друго лице наместо должникот (член 242 од ЦЗ) мора да го плати во рок од десет дена од денот на кога на должникот му бил соопштен износот на давачките.

59. Без оглед на одредбата од претходниот став, во случај на одложено плаќање, рокот на одложување е до 30 дена согласно одредбите од член 240 од УСЦЗ.

## А-6-2-7 ПОСТАПКА ВО СЛУЧАЈ НА ИСПАД НА АСИКУДА

60. Во случај на испад на системот за компјутерска обработка на податоци (МАКЦИС) декларациите треба да се книжат рачно во контролници, коишто се пропишани со упатството бр. 1/2004. По повторното воспоставување на автоматската обработка на податоците, декларациите дополнително се венсуваат во МАКЦИС. Постапката на царинење се спроведува согласно со ова упатство.

Прилози:

- примерок на записник за земање на мостра
- примероци на записници за проверка на царинската декларација (за количина, за примена на мерки на трговска политика, за тарифен број, за потекло, за вредност)

Записниците за тарифен број, потекло и вредност, ќе бидат накнадно доставени.

**Ова упаство се применува од 01. 01. 2006 год.**

**ПРИЛОГ 25** ***(член 151)***

ЗАПИСНИК ЗА ЗЕМАЊЕ НА МОСТРИ

| |
|---|
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ<br>ЦАРИНСКА УПРАВА |
| ЦАРИНАРНИЦА<br>ЦАРИНСКА ИСПОСТАВА |
| Број: |
| Датум: |

| |
|---|
| **ЗА ЛАБОРАТОРИЈА** * |

## ЗАПИСНИК

за земање на мостри

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Царински декларант | |
| 2. | Увозник на стоката | |
| 3. | Број на ЕЦД и вид на царинска постапка | |
| 4. | Трговски назив на стоката од фактура ** | |
| 5. | Тарифна ознака | |
| 6. | Мостри, земени од:*** сад, вреќа, стакленик, котур, бала, кутија, омот, вагон, камион, ... | |
| 7. | Царински обележја:***<br>Број на пломби: Печат на царинскиот орган: | |
| 8. | Количина земена за поединечна мостра: | Мостри земени во оригинална амбалажа***<br><br>ДА НЕ |
| 9. | Забелешки и предупредувања | |
| 10. | Прилози:*** фактура, ЕЦД, уверение, технички податоци, гарантен лист, . . . | |

* на примерокот за царинскиот орган наместо "ЗА ЛАБОРАТОРИЈА" наведено е "ЗА ЦАРИНСКИ ОРГАН", а на примерокот за декларантот наведено е " ЗА ЦАРИНСКИ ДЕКЛАРАНТ"

** ако стоката е од повеќе видови, треба да се обележи на фактурата. Во таа рубрика треба да се напише В.Ф.(види фактура).

***потребното да се подвлече

Записникот е составен во ______________, на ден ______________ во три примероци.

Бев присут-ен(на) при земање на мостри и примив примерок од записникот: Царински орган

М.П.___________

_________________

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
**ЦАРИНСКА УПРАВА**

Царинарница ________________________

ЦИ ________________________________

Број ______________ од ___. ___. 200__

# ЗАПИСНИК

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОГРЕШНО ДЕКЛАРИРАНА КОЛИЧИНА НА СТОКАТА

*(Изготвен во смисла на член 160 и 161 од Уредбата за спроведување на Царинскиот закон)*

На ден ___ . ___ 200__ год. извршена е проверка на царинската декларација (ЕЦД) бр. __________________ од _____200__ год. со __ наименувања поднесена од декларантот ________________________________________ од ________________ со дан. број ____________________ со која се царини стока продадена/испратена од страна на извозникот/испраќачот ______________________________________ од ____________________ за увозникот/примачот ___________________________________________________ од __________________ со дан. број __________________. Цорински должник е ____________________________________________ од __________________ со дан. број______________________.

Со наведената царинска декларација пријавена е следната стока[1]:

| Р.бр. на наим. | Тарифна ознака | Трговски назив на стоката[2] | Земја на потекло | Количина | Единечна вредност | Вкупна вредност |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

☐ - види прилог ____ *(за декларација со повеќе од 10 наименувања кои се оспоруваат)*

Со преглед на стоката и документите што се во прилог на наведената царинска декларација е пронајдено[3]:

____________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

____________________________________________________________________________

---

1 Во табелата се запишува само оспоруваната стока
2 Да се напише трговскиот назив од фактурата
3 Да се опише фактичката состојба на стоката пронајдена при прегледот на стоката

**После извршената проверка на стоката, царинската декларација и приложените документи е утврдена следната состојба:**

| Р.бр. на наим. | Тарифна ознака | Количина | Употребени мерни средства и дозволении остапувања [4] |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

☐ - види прилог ____ *(за декларација со повеќе од 10 наименувања кои се оспоруваат)*

| | Пресметани давачки според приложеното ЕЦД | Ново утврдени давачки | Разлика за доплата |
|---|---|---|---|
| Царина: | ______ | ______ | ______ |
| Посебна давачка: | ______ | ______ | ______ |
| ДДВ: | ______ | ______ | ______ |
| Акциза: | ______ | ______ | ______ |
| Цар. евиденција: | ______ | ______ | ______ |
| Надоместок за извр цар. усл.: | ______ | ______ | ______ |
| Тежинска такса: | ______ | ______ | ______ |
| ______: | ______ | ______ | ______ |
| **Вкупно:** | ______ | ______ | ______ |

Записникот е примен на ден ________ 200__
од страна на декларантот

______________________________
*(назив и печат)*

______________________________
*(име, презиме и потпис на одговорното лице)*

Записникот е составено од
царинскиот работник

______________________________
*(име, презими и потпис)*

(м.п)

**Прегледот на стоката го извршил царинскиот работник ______________________________ и тоа:[5]**

**(а) како делумен преглед и се однесува на дел од стоката,**
**(б) на дел од стоката и се однесува на целата стока,**
**(в) преглед на целата стока.**

**Декларантот односно неговиот ополномошник кој бил присутен при прегледот:**

______________________________
*(име, презиме и потпис)*

[4] Се запишуваат употребените мерни средства и дозволени остапувања

[5] Да се заокружи конкретниот случај

Прилог ___ на Записник број ________________ од __________200___ на ЦИ _________________ (за декл. со повеќе од 10 наим. кои се оспоруваат)

| Р.бр. на наим. | Тарифна ознака | Трговски назив на стоката[7] | Земја на потекло | Количина | Единечна вредност | Вкупна вредност |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

☐ - види прилог _____

| Р.бр. на наим. | Тарифна ознака | Количина | Употребени мерни средства и дозволени остапувања [6] |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

☐ - види прилог _____

---

7 Да се напише трговскиот назив од фактурата

6 Се запишуваат употребените мерни средства и дозволени остапувања

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
**ЦАРИНСКА УПРАВА**
Царинарница ________________________
ЦИ ______________________________
Број ______________ од ___. ___. 200__

# ЗАПИСНИК

## ЗА УТВРДЕНИ ОСНОВИ ЗА ПРИМЕНА НА МЕРКИ НА ТРГОВСКА ПОЛИТИКА

*(Изготвен во смисла на член 160 и 161 од Уредбата за спроведување на Царинскиот закон)*

На ден ___ . ___ 200__ год. извршена е проверка на царинската декларација (ЕЦД) бр. __________________ од _____200__ год. со __ наименувања поднесена од декларантот ________________________________________ од _______________ со дан. број ____________________ со која се царини стока продадена/испратена од страна на извозникот/испраќачот ______________________________________ од ___________________ за увозникот/примачот ____________________________________________________ од __________________ со дан. број _________________. Царински должник е _____________________________________________ од _________________ со дан. број_____________________.

Со наведената царинска декларација пријавена е следната стока[1]:

| Р.бр. на наим. | Тарифна ознака | Трговски назив на стоката[2] | Земја на потекло | Количина | Единечна вредност | Вкупна вредност |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

Со преглед на стоката и документите што се во прилог на наведената царинска декларација е пронајдено[3]:
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________

Се известува царинскиот декларант дека Е ПОТРЕБНО ДА ОБЕЗБЕДИ ______________________________, во рок од ОСУМ ДЕНА. Во спротивно, стоката треба да се врати во странство за што царинскиот орган ќе донесе решение за постапување со стока чиј увоз е забранет, согласно член 163 од Царинскиот закон.

**Записникот е примен на ден ________ 200__**
**од страна на декларантот**

___________________________________
*(назив и печат)*

___________________________________
*(име, презиме и потпис на одговорното лице)*

**Записникот е составено од**
**царинскиот работник**

_______________________
*(име, презими и потпис)*

(м.п)

**Прегледот на стоката го извршил царинскиот работник __________________________________________ и то:**[4]
**(а) како делумен преглед и се однесува на дел од стоката,**
**(б) на дел од стоката и се однесува на целата стока,**
**(в) преглед на целата стока.**
**Декларантот односно неговиот ополномошник кој бил присутен при прегледот:**

______________________________________________________________________________
*(име, презиме и потпис)*

---

1 Во табелата се запишува само оспоруваната стока
2 Да се напише трговскиот назив од фактурата
3 Да се опише фактичката состојба на стоката пронајдена при прегледот на стоката
4 Да се заокружи конкретниот случај